ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122;
IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4; SWIFT: PBZGHR2X;
web: www.zmurh.hr ; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr ; zmurh.hr@gmail.com

Урброј: ЗМ – 77 – 1/2016
Загреб, 23. 07. 2016.

# З А П И С Н И К

од **1. седница** на Управниот одбор на ЗМРХ која се одржа на ден **23.07.2016 година** со почеток во **12.20 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** Илија Христодулов – претседател на ЗМРХ, Борис Трајановски – Осиек, Благој Штерјов – Загреб, Мирјана Мајиќ – Задар, Милена Златеска – Пула и Елизабета Петровска – Загреб.

**Отсутни членови:** Ангел Митревски – Сплит.

Седницата ја водеше претседателот на УО на ЗМРХ, Илија Христодулов. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки (кворум), тој ги поздрави сите присутни, го прочита дневниот ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 12. седница на УО на ЗМРХ и од вонредниот состанок на УО на ЗМРХ од 14.05.2016;
2. Усвојување на „Polugodišnji financijski izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.06.2016. godine (Obrazac FP-1)“ со обрасците IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози;
3. Донесување на одлука за разрешување на досегашните членови на Колегиумот на списанието „Македонски глас“ (главен и одговорен уредник, уредништво, редакциски одбор и редакција) и именување на нови членови;
4. Решавање на тековните прашања за списанието „Македонски глас“ и усвојување на донесените одлуки;
5. Усвојување на новиот предлог на Деловник за работата на УО на ЗМРХ и новиот предлог на Правилник за службени патувања на ЗМРХ;
6. Договор околу реализацијата на програмите во 2016 година и усвојување на донесените одлуки;
7. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги усвоија** записникот од 12. седница на УО на ЗМРХ и од вонредниот состанок на УО на ЗМРХ од 14.05.2016 година (прилог).

**Ад. 2.** За полугодишниот финансиски извештај на ЗМРХ „Polugodišnji financijski izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.06.2016. godine (Obrazac FP-1)“ со обрасците IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози (прилог), Петровска рече дека е уредно и навремено изработен во консултација со Тибор Варга, заменик на претседателот на Советот за националните малцинства на РХ, како и „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.06.2016. godine“ кое е исто така, уредно изработено за потребите на ЗМРХ (прилог). Доставени се до ЗМРХ и извештаите на сите друштва освен од МКД Сплит, кое се очекува да биде навремено доставен до ЗМРХ за да се испочитува рокот за предавање до Советот за националните малцинства на РХ. Изработен е и полугодишниот информатор на ЗМРХ, како и информаторите на сите друштва. Се поведе дискусија во која учествуваа сите членови на УО. Се даде забелешка членот на Советот за националните малцинства на РХ, Ангел Митревски, навремено да информира за одржаните состаноци во Советот, особено ако се расправа за нешто што е битно и поврзано за работата на ЗМРХ. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се усвојува „Polugodišnji financijski izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.06.2016. godine (Obrazac FP-1)“ со обрасците IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije и со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози.

**Ад. 3.** Претседателот Христодулов рече дека мандатот од 4 години на членовите на Колегиумот на списанието „Македонски глас“ истече и дека со тоа сите членови од Колегиумот се разрешуваат од своите должности. Како не беа доставени од друштвата до ЗМРХ барања за промени во членството на Колегиумот, по расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се разрешуваат досегашните членови на Колегиумот на списанието „Македонски глас“ (главен и одговорен уредник, уредништво, редакциски одбор и редакција);
- За членови на Уредништвото на „Македонски глас“ **се именуваат**: Милена Георгиевска за главен и одговорен уредник; Елизабета Петровска за заменик на главниот и одговорен уредник, за коректор и секретар; Владо Чакмак за компјутерска обработка (графичко уредување и дизајн), Марија Георгиева-Петриќ за преведувач и лектор;
- За членови на Редакцискиот одбор на „Македонски глас“ **се именуваат**: Васил Тоциновски, Тинка Барбутов Крстева и Мирјана Мајиќ;
- За членови на Редакцијата на „Македонски глас“ **се именуваат**: Елизабета Петровска – Загреб, Јулијана Младеновска Тешија – Осиек, Ана Азеска – Риека, Елена Кипровска Кнежиќ – Задар, Билјана Митревски – Сплит и Михаела Златеска – Пула;
- Членовите на Уредништвото, Редакцискиот одбор и Редакцијата на „Македонски глас“ се именуваат со мандат во траење од 4 години; Оваа одлука стапува на снага со денот на донесувањето.

**Ад. 4.** По оваа точка се расправаше за проблематиката со називот „Ценовник“ за списанието „Македонски глас“ и се даде предлог тој документ да се преименува во „Надоместоци за авторски хонорари“, поради тоа што ЗМРХ по Статутот е непрофитно здружение и не се бави со стопанска дејност (прилог). Се расправаше и за промоцијата на 100. број на „Македонски глас“. Беа дадени и неколку забелешки во врска со текстовите во „Македонски глас“, да не се објавуваат текстови врзани за политика и да не се фаворизираат одредени друштва со преголема застапеност во списанието во однос на другите друштва и секако, да се почитуваат роковите дадени од главната уредничка за

предавање на тесктовите. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Се усвојува предлогот називот „Ценовник" да се преименува во „Надоместоци за авторски хонорари" („Naknade za autorske honorare") за списанието „Македонски глас".

**Ад. 5.** Новиот предлог на Деловник за работата на УО на ЗМРХ и новиот предлог на Правилник за службени патувања на ЗМРХ беа проследени до сите друштва (прилог). Претседателот Христодулов рече дека овие акти се усогласени со новиот Статут на ЗМРХ. Забелешки на предлозите немаше. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се усвојува Деловникот за работата на УО на ЗМРХ;
- Се усвојува Правилникот за службени патувања на ЗМРХ.

**Ад. 6.** По оваа точка се расправаше за годинешните програми на ЗМРХ. За „Илинден 1903-2016", претседателот Христодулов рече дека наемот од 2.300,00 кн. на излетничкото место „Голубињак" во Горски Котар, каде ќе се организира прославата, дел од автобусите на друштвата и музиката, ќе бидат подмирени од ЗМРХ, додека наемот на клупите, столиците, шаторите и пијалаците за ВИП масата, ќе бидат подмирени од локални донации. За автобусите од Риека и Загреб се добиени донации од Град Риека, „Алкалоид Загреб" д.о.о. и од Советот на МНМ за Град Загреб. Групата „Балканика бенд" од Крањ ќе свири на прославата за 3.800,00 кн., без спиење, со нивни разглас. Гравот е 24,00 кн. по порција, ќе бидат договорени 400 порции, а сметката ќе се подмири од средствата за „Илинден" преку МКД од Риека. Партиципацијата за превозот на МКД-ата останува и понатаму иста, 20% од вкупниот износ. За „Летниот камп – училиште по македонски јазик со работилници – Рогач 2016.", од 24 до 31 јули за основци, бидејќи водителот на кампот Ангел Митревски не беше присутен на состанокот, претседателот Христодулов го контактираше по телефон. Оваа година децата плаќаат партиципација од 300,00 кн. за патните трошоци до Сплит, сметките за превозот се веќе платени преку ЗМРХ, а останатите сметки се очекува да се пратат за наплата. За купување на додатна храна, пијалаци и дидактички материјал за учесниците на кампот, потребно е на водителот Митревски да му се уплати аконтација од 2.200,00 кн. од средствата за кампот. За „Денот на ЗМРХ", по повод 25-годишнината од формирањето на ЗМРХ, одобрена е молбата на ЗМРХ до Поглаварството на Град Загреб и градоначалникот Милан Бандиќ за покровителство на настанот и бесплатно користење на малата сала во КС „Ватрослав Лисински". Салата е со 300 места и е резервирана за недела, 30 октомври 2016 година, со почеток на програмата во 17.00 часот и со траење од 2 часа или 120 мин. Обезбедени се гардероби за пресоблекување на учесниците (пријавени се 6 МКД-а со по еден автобус), во холот пред салата обезбедено е место за штандови со изложба на етно-секциите на друштвата и место за евентуална закуска која после манифестацијата би била во траење од 1 час, како и обавезна гардероба на влезот со нивни персонал. Во салата е обезбеден техничкиот дел (озвучување и осветлување) во зависност од потребата за настапите, големи знамиња на Хрватска, ЕУ и Загреб, и говорница по потреба. Програмата треба да биде комплетирана во септември. Влезниците-покани (влезот е бесплатен, но нумериран), тие ќе ги изработат и ќе ни бидат навремено дадени за делење. Пробата на учесниците ќе биде во исто траење колку и настанот, 2 часа, и мора да заврши 1 час пред почетокот, значи од 14.00-16.00 часот, па се предвидува сите учесници да пристигнат околу пладне да имаат време за сите подготовки. За настанот ќе биде објавено на Веб страницата на Лисински. ЗМРХ има обврска да плати за настанот 1.000,00 кн. + ДДВ врз основа на договорот што ќе биде потпишан во септември со Лисински за користење на салата. Книгата од О. Бојаџиски се предвидува да излезе од печат на есен. За останатите

манифестации ќе се расправа на идната седница. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- За културната манифестација „Ден на ЗМРХ" се задолжува Борис Трајановски за координатор на програмата (осмислување и синопсис); Се задолжува Елизабета Петровска да ја контактира Марија Георгиева-Петриќ за водителка на настанот; Се задолжуваат сите членови на УО да најдат спонзори за манифестацијата; Програмата мора да биде комплетирана до 15 септември;
- 2. седница на УО на ЗМРХ да се одржи на 22 октомври.

**Ад. 7.** Под точката разно, се дискутираше за неколку теми. За барањето на Македонскиот културен центар од Сплит за прием во членството на ЗМРХ (прилог), начелен став е дека од една жупанија и од еден град ЗМРХ во својот состав има по еден член. Во овој случај за Град Сплит тоа е МКД „Македонија". Поради тоа, се зазема став дека по проценка на УО на ЗМРХ сè уште не се стекнати услови за евентуално примање на уште едно македонско друштво од Сплит во членството на ЗМРХ. Како најприфатливо решение УО на ЗМРХ советува членовите на Македонскиот културен центар да се вчленат во МКД „Македонија" и на тој начин ќе станат членови и на ЗМРХ. Се информираше за предлогот од д-р Филип Шкиљан за истражување и печатење на книга за македонското национално малцинство во РХ во 2017 година и се донесе заклучок дека веќе се издадени неколку книги со слична содржина од Огнен Бојаџиски и д-р Горан Калоѓера (прилог). За предлогот од Лука Вукушиќ, ЗМРХ да финансира хрватски превод на романот „Живот во гроб" од грчкиот автор Миривилис, се донесе заклучок дека таков превод и пред сè, таква тема на книга, не спаѓаат во дејноста на издаваштвото на ЗМРХ (прилог). За двата предлога за соработка, од здружението на граѓани со потекло од Македонија и пријатели „Заједно" од Тузла и од македонското здружение „Југ" од Бања Лука, се донесе заклучок МКД-ата индивидуално да им се обратат (прилог). По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се даруваат 100 примероци од најновата книга „Стари македонски семејства во Хрватска 2" на авторот Марина Апостоловска; се даруваат по 25 примероци на друштвата; членовите ќе можат да ја набават книгата по 50,00 кн.;
- Се даруваат 70 примероци од книгата „Македонски бои во славонската рамница – траги на сеќавања" од Јагода Тренеска Цветичанин на МКД „Браќа Миладиновци" од Осиек;
- Се задолжува Борис Трајановски да направи проект на ниво на ЗМРХ за студиско патување во Македонија за ученици од изборната настава по македонски јазик и култура од Хрватска.

На крајот, Петровска на присутните им подели по еден примерок од најновата книга „Стари македонски семејства во Хрватска 2" од Марина Апостоловска.

По ова, сите теми за дискусија беа исцрпени и претседателот Христодулов ја затвори седницата.

Седницата заврши во **15.00** часот.

Записничар:
Елизабета Петровска, дипл.инг.
секретар на ЗМРХ

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ

Претседател на ЗМРХ:

Илија Христодулов